Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 14. 7. 2021
Организ. | Број | Прилог | Вредност
02 - 43/7

Бр. 08-157/4
09 07 20 21 год.
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 17 седница одржана на 05.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Хемија", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Природно математички Факултет, Институт за хемија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Хемија", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Природно математички Факултет, Институт за хемија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на хемиски науки /во меѓународен промет академски студии назив:Phd in chemistry.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно математички науки,
Научно – истражувачко поле: 107 Хемија
Научно – истражувачка област: 10700 Хемија

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Трајче Стафилов, проф. д-р Зоран Здравковски, проф. д-р Владимир Петрушевски, проф. д-р Слоботка Алексовска, проф. д-р Виктор Стефов, проф. д-р Валентин Мирчески, проф. д-р Емил Поповски, проф. д-р Методија Најдовски, проф. д-р Љупчо Пејов, проф. д-р Владимир Ивановски, проф. д-р Игор Кузмановски, проф. д-р Горан Стојковиќ, проф. д-р Билјана Пејова, проф. д-р Петре Макрески, проф. д-р Јане Богданов.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 02-316/14 од 26.02.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма програма „Хемија", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Природно математички Факултет, Институт за хемија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 157/1 од 10.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 157/3 од 19.05.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 17-та седница одржана на 05.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Академик Владо Камбовски